# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба

Февруари 2014 година

## Најнови макроекономски индикатори
## Преглед на тековната состојба - импликации за монетарната политика

***Прегледот на тековната состојба има за цел да даде осврт на најновите макроекономски податоци (ноември 2013 година – февруари 2014 година) и споредба со последните макроекономски проекции (октомври 2013 година). Со тоа ќе се утврди колку тековната состојба во економијата соодветствува со очекуваните движења на варијаблите во претходниот циклус на проекции. Прегледот е фокусиран на промените на екстерните претпоставки и остварувањата кај домашните варијабли и на тоа како овие промени се одразуваат врз амбиентот за водење на монетарната политика.***

**Глобалното економско окружување не претрпе поголеми промени во споредба со периодот на последните оцени.** Најновите економски показатели за евро-зоната се поволни и укажуваат на натамошен умерен раст и во текот на последниот квартал на 2013 година. Последните оценки укажуваат на раст на економската активност во 2014 година, којшто би требало да се засили во текот на 2015 година. Се очекува дека економското закрепнување ќе биде бавно, додека надолните ризици и натаму се најзастапени и се поврзани со неизвесните движења на финансиските пазари, особено во брзорастечките економии, можноста за послаба домашна и извозна побарувачка од оценетата, како и бавното и несоодветно спроведување на структурните реформи во земјите-членки на евро-зоната. Сепак, и покрај ризиците за економското закрепнување и натамошното забавување на стапката на инфлација во евро-зоната (посилно од очекуваното), ЕЦБ на последниот состанок во февруари 2014 година ја задржа истата основна каматна стапка. Ваквата одлука беше објаснета со тековните оценки за отсуство на ризици од дефлација во евро-зоната на среден рок, како и потребата од нови информации, пред сè поврзани со најновите макроекономски проекции, развојот на настаните во земјите во развој, како и податоците за БДП за последниот квартал, коишто би биле расположливи до следниот состанок во март и би помогнале во носењето соодветна одлука за поставеноста на монетарната политика. Во тој контекст, ЕЦБ уште еднаш ја потврди својата подготвеност за водење приспособлива монетарна политика, сè додека тоа е потребно. **Гледано преку одделните квантитативни показатели за надворешното окружување за македонската економија, оценките за странската ефективна побарувачка за 2014 година се во рамките на октомвриската проекција, додека за 2015 година сега се очекува малку повисок раст. Промените во очекувањата за цените на примарните производи се во различна насока.** Последните оцени за светските **цени на нафтата** за периодот 2014-2015 година и понатаму укажуваат на намалување, но посилно во споредба со октомвриските проекции за 2014 година, додека за 2015 година промената е во спротивна насока. Оцените за движењето на **цените на металите**, во просек, се понеповолни во однос на последната проекција. Од друга страна, движењата на светските берзански цени на **основната храна** и понатаму укажуваат на поповолни ценовни движења во споредба со претходната проекција.

**Споредбата на последните макроекономски показатели со нивната проектирана динамика во рамки на октомврискиот циклус проекции дава различна слика во одделните сегменти. Од аспект на одделните показатели релевантни за монетарната политика, во недостиг на нови податоци за инфлациските остварувања од почетокот на годината, и натаму се очекуваат претежно надолни ризици за проекцијата на инфлацијата за 2014 година од 2,3%.** Ваквите оценки се темелат на различните првични услови, т.е. стапката на инфлација остварена заклучно со крајот на 2013 година којашто е пониска во однос на проектираната и ревизиите на влезните надворешни претпоставки.

**Согласно со последните расположливи податоци заклучно со почетокот на февруари 2014 година, девизните резерви (приспособени за ценовните промени и курсните разлики) бележат пад во однос на крајот на 2013 година, што е во согласност со патеката на девизните резерви за првиот квартал од октомвриските**

**проекции.** Обемот на податоци во надворешниот сектор е ограничен, што оневозможува да се даде оценка за исполнувањето на октомвриската проекција за првиот квартал. Од почетокот на 2014 година има нови податоци единствено за менувачкиот пазар, коишто покажуваат нето-откуп на девизни средства. Сепак, овие податоци покриваат многу краток временски период од еден месец, што е недоволно за изнесување констатации за приливите од приватните трансфери во контекст на октомвриските проекции. Податоците за извозот и увозот се заклучно со декември 2013 година и покажуваат понизок трговски дефицит во однос на проектираниот за четвртиот квартал, како последица на подобрите извозни остварувања во однос на проекцијата. Ваквите поместувања беа еден од факторите што придонесе за остварување дефицит во тековната сметка, којшто за периодот октомври-ноември 2013 година е значително понизок во однос на проектираниот за четвртиот квартал. Од друга страна, податоците заклучно со ноември покажуваат значително пониски нето-приливи во капитално-финансиската сметка во однос на проектираните.

**Во однос на реалниот сектор,** расположливите **високофреквентни показатели за економската активност** укажуваат на натамошен раст на домашната економија и во текот на последниот квартал на 2013 година. Притоа, се очекува слична динамика на раст како и во третиот квартал, при натамошни позитивни остварувања кај дел од клучните економски сектори, пред сѐ кај градежниот и индустрискиот сектор. **Во рамки на монетарниот сектор**, последниот квартал на 2013 година беше обележан со значително позитивни придвижувања на кредитниот пазар, коишто придонесоа за надминување на октомвриската проекција за кредитниот раст. Согласно со најновите монетарни показатели заклучно со јануари 2014 година, остварувањата кај вкупните кредити се во рамки на октомвриската проекција, со која се предвидува годишен раст од 5,3% за првиот квартал. Анализирано на месечна основа, за јануари е карактеристично забавување на кредитниот раст, којшто повторно во целост е насочен кон секторот „домаќинства". Кај претпријатијата е забележано мало намалување на обемот на кредитите на месечна основа. Согласно со последните податоци, раст на депозитите има и во јануари, но е забавен, што е вообичаено за овој период од годината. Најновите податоци упатуваат на веројатно остварување на проекцијата на депозитниот раст за првиот квартал од 2014 година. Најновите оцени за нивото на **каматната стапка ЕУРИБОР за 2014 година укажуваат на малку повисоко ниво во однос на октомвриската проекција, додека за 2015 година е извршена умерена надолна ревизија.**

***Последните макроекономски показатели и оцени не упатуваат на поголеми промени во констатациите за амбиентот и ризиците во однос на оцените дадени во рамки на октомвриските проекции. Општо гледано, сите макроекономски променливи се во рамки на проекциите, со исклучок на инфлацијата.*** Имено, при остварена пониска стапка на инфлација заклучно со крајот на 2013 година, во однос на проектираната, и надолни ревизии на влезните надворешни претпоставки, преовладуваат надолните ризици околу проекцијата за инфлацијата за 2014 година. Во недостиг на нови податоци, повторно се заклучува дека базичната инфлација е сѐ уште на високо ниво. Показателите за економската активност покажуваат дека економијата ќе забележи раст и во четвртото тримесечје (најверојатно со сличен интензитет како и во третиот квартал), којшто и понатаму не би требало да создава нерамнотежи. Падот на девизните резерви е вообичаен за овој период од годината и е во рамки на очекувањата. Сепак, и натаму има ризици од неизвесното надворешно окружување, а повторното надолно ревидирање на цените на металите на светскиот пазар може неповолно да влијае врз надворешната позиција на македонската економија. Од аспект на кредитната активност, иако надолните ризици и натаму се нагласени, сепак кредитниот раст во јануари е во согласност со проекцијата за првиот квартал. Очекувањата на банките, на краток рок, дадени во последната Анкета за кредитната активност[1] на банките, исто така, се поволни и упатуваат на понатамошен раст на понудата и побарувачката на кредити.

[1] Од јануари 2014 година.

**Странска ефективна побарувачка**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Според новите проекции, странската ефективна побарувачка во 2013 година е нагорно ревидирана...**

...при подобрени оценки за економскиот раст на годишна основа кај речиси сите земји...

...поради кои оценетиот годишен пад на странската побарувачка изнесува -0,2%, наспроти октомвриската проекција од -0,4%...

...при што најголем придонес кон ревизијата има остварениот подобар раст на БДП на Србија[2] и очекувањата за помал пад на економската активност во Грција.

**Нема промени во оценките за раст на странската побарувачка во 2014 година (очекуван раст од 1,2%)...**

**...но, за 2015 година сега се очекува малку поголем раст од 1,9% (1,8% во октомври)...**

...главно како резултат на очекувањата за подобри економски остварувања на германската економија.

[2] Податокот за годишниот раст на БДП на Србија во 2013 година вклучува подобра прввична оценка за четвртиот квартал и нагорни ревизии на податоците во претходните три квартали.

**Странска ефективна инфлација**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Странската ефективна инфлација, остварена во 2013 година, изнесува 1,9%, што претставува надолно отстапување во однос на октомвриската проекција од 2,3%.**

**Најновите проекции упатуваат на пониска странска инфлација и во 2014 година...**

...за која сега се очекува дека ќе изнесува 1,3%, наспроти октомвриската оценка од 2%...

...при извршени надолни ревизии на проектираната инфлација кај сите наши увозни партнери...

...во чии рамки најголем негативен придонес имаат пониските инфлациски оценки во земјите од поблиското окружување (Србија, Бугарија и Хрватска).

**Слично на ова, и за 2015 година се очекува пониска инфлација кај речиси сите трговски партнери...**

...што доведува до надолна ревизија на ефективната инфлација во однос на октомври (1,9%, наспроти 2,2%)...

...при најголем придонес на инфлацијата од Србија (во целост поради поголемата очекувана депрецијација на нејзината валута) и од Бугарија.

**Нафта „Брент“**
(квартален просек, евра/барел)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**Во првиот квартал од 2014 година се предвидува подлабок пад на цената на нафтата во споредба со октомвриската проекција...**

...во услови на пониска очекувана глобална побарувачка на нафта...

**...а исто така, надолна ревизија на цената на нафтата е извршена и за целата 2014 година...**

...имајќи ги предвид проекциите за раст на понудата на нафта, главно од земјите надвор од ОПЕК и ефектите од постепеното намалување на обемот на квантитативното олеснување од страна на ФЕД.

**Се очекува натамошен пад на цената на нафтата и во 2015 година, но падот би бил понизок во споредба со октомври.**

**Цени на никел и бакар во евра**
(годишни промени во %)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**За првиот квартал од 2014 година се очекува посилен пад на цените на никелот и бакарот во однос на октомвриската проекција.**

**На годишна основа, за 2014 година е извршена значителна надолна ревизија на проектираните ценовни промени на металите...**

...при поголем пад на цената на никелот и пад наместо раст на цената на бакарот...

..и при натамошни надолни притисоци од поволните услови на страната на понудата на овие основни метали.

Главен ризик за идната цена на никелот е забраната за извоз што ја воведе Индонезија[3] во јануари 2014 година, иако првичниот ефект врз пазарите беше прилично ограничен, имајќи ги предвид досегашните залихи

[3] Индонезија е најголем светски извозник на никелова руда.

**Цени на пченица и пченка во евра**
(годишни промени во %)




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

на металот и скептицизмот околу спроведувањето на оваа политика.

**За 2015 година се очекува побрзо закрепнување на цените на никелот и бакарот, чијшто раст ќе биде повисок од октомвриската проекција.**

**За првиот квартал, како и за целата 2014 година се предвидува значително надолно отстапување кај ценовните промени на основната храна помеѓу тековната и октомвриската проекција...**

...при пад, наместо раст, на цената на пченицата и поголем пад на цената на пченката...

...при што главните причини за овие промени се солидните залихи од минатата година и постојаното подобрување на изгледите за производството од следната жетва.

**Проекцијата за 2015 година упатува на поголем раст на цените на пченицата и помал раст на цената на пченката во споредба со октомвриските проекции.**

**1-месечен Еурибор**
(во %)




Извор: „Консензус форкаст" за 2014 година, „Блумберг" за 2015 година и пресметки на НБРМ.

**Се оценува дека стапката на едномесечниот Еурибор во првиот квартал ќе изнесува 0,19%, што е повисоко ниво во споредба со нивото од 0,12% од октомвриската проекција...**

...при што овој раст е главно резултат на надолните промени кај вишокот ликвидност во евро-зоната.

Сепак, со оглед на најавата од ЕЦБ дека одблиску ќе ги следи случувањата на пазарот на пари и дека ќе интервенира доколку забележи дека растот на меѓубанкарските каматни стапки е неоснован, за следните квартали се очекува дека странската каматна стапка ќе се движи по проектираната патека од октомври, иако, поради првиот квартал, во 2014 година, во просек, нејзиното ниво ќе биде малку над октомвриската проекција (0,18% наспроти 0,16%).

**За 2015 година е извршена умерена надолна ревизија на оценетиот Еурибор во однос на октомвриската проекција, за кој сега се предвидува дека ќе изнесува 0,29% (0,33% во октомври).**

Во целиот период на проекции, и натаму се предвидува дека Еурибор ќе се зголемува со умерено темпо, одразувајќи ги очекувањата за постепена нормализација на пазарот на пари во евро-зоната.

Номиналниот годишен раст на просечната **нето-плата** во ноември 2013 година изнесува 0,9%, со што нето-платите во периодот октомври-ноември забележаа идентичен раст, како и во третиот квартал (1%)...

...при повисоки стапки на раст на платите во енергетскиот сектор, транспортот и дејноста „здравствена и социјална заштита". Раст на платите се забележува и кај дејноста со недвижнини, градежништво и кај „информации и комуникации", а позабележителен пад на платите има кај „стручни, научни и технички дејности" и „снабдување со вода".

**Ваквите движења за првите два месеца од четвртиот квартал се малку послаби од очекувањата од октомвриската проекција (очекуван раст од 1,4%).**

При годишна инфлација од 1,1%, **реалните плати** бележат годишен пад од 0,2% и во ноември 2013 година (малку побавен пад од претходниот месец), што според динамиката претставува подобрување во однос на третиот квартал (пад од 1,7%).

**Просечна исплатена плата**
(годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС.

**Расположливите податоци за последниот квартал на 2013 година укажуваат на натамошен годишен раст на домашната економија, со слична динамика како во третото тримесечје...**

**...при натамошни позитивни остварувања кај дел од клучните економски сектори.**

**Економски сектори**
(реални годишни промени, во %)




* Прост просек од годишните стапки на промена на различните видови на транспорт и телекомуникациите.
** Податоците за индустриско производство се со база 2010 година.
Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

**Индустриското производство** расте и во четвртиот квартал, со висока годишна стапка од 6,4%[4]...

...под влијание на зголеменото производство на машини и уреди, храна и пијалаци, како и од добрите

[4] Се однесува на податоците на индустриско производство со база и пондери од **2012** година, коешто ги вклучува најновите промени во структурата на индустриското производство. Годишниот раст во четвртиот квартал на 2013 година кај индексот со база **2010** година изнесува 1,6%.

остварувања кај печатењето и текстилот...

...во услови на годишен раст на искористеноста на индустриските капацитети[5].

Притоа, годишниот раст на индустријата е значително посилен во споредба со претходните три квартали...

...во услови на позабрзан раст на прехранбената индустрија, раст на металната индустрија (по падот од претходните квартали), како и од значително помалиот пад на производството на хартија.

Значително засилување на растот се забележува и кај **градежниот сектор** во првите два месеца на четвртиот квартал на 2013 година, при висока реална годишна стапка на раст на извршените градежни работи (во просек 71,6%).

Податоците кај **транспортот** за првите два месеца на четвртиот квартал на 2013 година упатуваат на натамошен раст, со слично темпо како во претходниот квартал...

...а во позитивна насока се и остварувањата кај **прометот во угостителството** во првите два месеца од последниот квартал (како индикативна категорија за движењето на дејноста „хотели и ресторани").

За разлика од овие дејности, реален пад се забележува кај **трговијата на мало и трговијата на големо**, но со послабо намалување.

[5] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија на ДЗС.




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

**Расположливите показатели за агрегатната побарувачка, во основа, се во согласност со очекувањата од октомвриската проекција за умерен раст на БДП во последниот квартал на 2013 година.**

Високофреквентните податоци за **личната потрошувачка** за четвртиот квартал упатуваат на малку поповолни движења во споредба со претходниот квартал...

...како резултат на засилувањето на кредитната активност кон секторот „население" во четвртиот квартал...

...високиот реален пораст на нето-приходите од ДДВ забележан во четвртиот квартал, по падот во претходниот квартал...

...натамошното засилување на годишниот раст на пензиите и значителното забавување на годишниот пад кај реалните плати во октомври и ноември...

...и забавениот годишен пад кај трговијата на мало.

Од друга страна, домашното производство на потрошни добра во четвртиот квартал стагнира, по растот од претходниот квартал...

...во услови на засилување на падот кај увозот на стоки за лична потрошувачка во октомври и ноември, во однос на третото тримесечје...

...а засилување на падот бележат и приватните трансфери.

**Индикатори за движењето на бруто инвестициите**
(реални годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Најновите расположливи показатели за **инвестициската активност** укажуваат на нејзин раст во четвртиот квартал, по падот од претходниот квартал...

...под влијание на високиот и засилен раст на градежништвото во октомври и ноември...

...забележаното значително забрзување на растот кај домашното производство на капитални производи во четвртиот квартал...

...во услови на забележан раст кај увозот на стоки за инвестиции во првите два месеца од последниот квартал, по падот од претходниот квартал...

...и раст на странските директни инвестиции во октомври и ноември, но побавен.

Во последниот квартал на 2013 година забави негативното движење кај долгорочното кредитирање на домашниот корпоративен сектор, а сè уште има негативни стапки на раст на државните капитални инвестиции...

...при пад кај залихите на готовите производи во четвртиот квартал, наспроти растот од претходниот квартал.

Номиналните податоци за **надворешнотрговската размена** упатуваат на стеснување на дефицитот во последниот квартал на 2013 година, во однос на истиот период од претходната година, наспроти очекувањата од октомври за мало продлабочување на трговскиот дефицит.

Стеснувањето на дефицитот се јавува при раст кај извозот и пад кај увозот на стоки.

Расположливите податоци за **јавната потрошувачка** во последниот квартал на 2013 година упатуваат на мал и побавен годишен пад, во споредба со претходните два квартала, наспроти очекувањата за стагнација од октомвриската проекција.

Во последниот квартал на 2013 година, во услови на раст на извозот и истовремен пад кај увозот на стоки, **трговскиот дефицит се намали за 15,6%, на годишна основа ...**

...што е поизразено во однос на очекуваното стеснување во последниот квартал согласно со октомвриската проекција.

**Извоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот извоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*

Во четвртото тримесечје, **извозот на стоки** забележа годишен раст од 6,5%, што во најголем дел произлегува од извозната активност на новите капацитети ориентирани кон извоз и повисокиот извоз на опрема и машини. Исто така, извозот на железо и челик и тутун имаше позитивен придонес во годишниот раст...

...додека извозот на енергија и руди делуваше во спротивна насока, со остварен позначителен годишен пад (од 68,2% и 17,6%, соодветно).

*Во споредба со последната проекција, извозот во последните три месеци е повисок од очекувањата,* со позитивни отстапувања кај сите извозни компоненти со исклучок на енергијата, каде што остварувањата се малку послаби од проектираното.

**Увоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот увоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*

**Увозот на стоки** во четвртиот квартал бележи годишен пад од 2,6%, што во најголем дел се должи на високиот пад кај увозот на енергија (од 27,8%). Придонес за годишниот пад на увозот има и увозот на железо и челик, возила и храна.

*Остварениот увоз во четвртото тримесечје е малку повисок од проектираниот за последниот квартал од годината.* Најголемо нагорно отстапување има кај суровинскиот увоз за хемиската индустрија, додека остварувањата кај увозот на стоки за широка потрошувачка, железо и челик, останат увоз, руди и опрема и машини се пониски од проектираните.

**Значително подобрите извозни остварувања во последниот квартал, при малку повисок увоз од проектираниот доведоа до понизок трговски дефицит во однос на проектираниот за четвртото тримесечје.**

Последните оцени за движењето на светските берзански цени на металите, (цените на никелот и бакарот) за 2014 година и 2015 година, во просек, се понеповолни во однос на последната проекција. Во однос на движењето на цените на нафтата, и понатаму се очекува нивно намалување, но посилно во однос на очекувањата за 2014 година од октомври, а за 2015 година промените се во спротивна насока. Од друга страна, движењата на светските берзански цени на храната и понатаму укажуваат на поповолни ценовни движења, во споредба со претходната проекција.

**РЕДК**

*годишна стапка на промена во %*




Извор:НБРМ.

**Во декември 2013 година е забележано влошување на ценовната конкурентност на домашната економија на годишна основа.** Во споредба со истиот период од претходната година, индексот на РЕДК заснован врз трошоците на живот бележи апрецијација од 2,2%, со што продолжи трендот на умерена апрецијација што започна во втората половина од годината. РЕДК пресметан според цените на производителите на индустриски производи не забележа значителна промена, што е карактеристично и за изминатите шест месеци.

**НЕДК и релативни цени,**
*годишни стапки на промена, во %*




Извор: НБРМ.

**Компоненти на тековната сметка**
(во милиони евра)




Извор: НБРМ.

**Компоненти на финансиската сметка**
(во милиони евра)




Извор: НБРМ.

Неповолните промени во целост се должат на годишната апрецијација на индексот на **НЕДК** (од 2,5%), предизвикана од промената на вредноста на денарот во однос на руската рубља и турската лира. Промените кај **релативните цени** делуваат во спротивна насока, односно промените според двата индекса (според трошоците на живот и цените на индустриските производители), покажуваат поволен сооднос помеѓу домашните и странските цени, на годишна основа.

**Во периодот октомври-ноември 2013 година, тековната сметка на билансот на плаќања забележа дефицит од 42,1 милион евра (или 0,5% од БДП), што значително понизок во однос на октомвриската проекција...**

...во најголем дел заради подобрите остварувања кај трговското салдо, но и поради остварениот суфицит кај услугите, наспроти одливите проектирани во октомвриската проекција....

...остварувањата кај тековните трансфери се на ниво на проектираните, додека дефицитот кај доходот е малку повисок во споредба со очекувањата во октомври.

**Во капиталната и финансиска сметка на билансот на плаќања, во октомври и ноември** се остварени нето-приливи од 15 милиони евра или 0,2% од БДП и се значително пониски од нето-приливите за последниот квартал од 2013 година проектирани во октомвриската проекција.

Отстапувањата во најголем дел се должат на пониското нето-задолжување во странство (истовремено пониски повлекувања и повисоки отплати кај долгорочните заеми во однос на проектираните), повисоките нето-

одливи кај валутите и депозитите на останатите сектори (население) и помалите нето-приливи од трговските кредити.

Од друга страна, остварените нето-приливи врз основа на директни инвестиции се повисоки од очекувањата во октомвриската проекција.




* Последни расположливи податоци со јануари 2014 година.
Извор: НБРМ.

**Последните податоци за менувачкото работење, заклучно со јануари 2014 година, покажуваат посилен раст на побарувачката во однос на понудата на девизи на менувачкиот пазар...**

... при што, остварениот нето-откуп на менувачкиот пазар во јануари 2014 година изнесува 70,5 милиони евра, што претставува годишен раст од 1,9%. Во однос на октомвриската проекција за првото тримесечје од оваа година, остварените нето-приливи засега се во рамки на проектираните.




* Последен расположлив податок заклучно јануари 2014 година.
Извор: НБРМ.

**Последната состојба на бруто девизните резерви, на 31.1.2014 година, изнесува 1.979,2 милиона евра, што претставува пад од 13,9 милиони евра во однос на крајот од претходната година.** Негативните промени на девизните резерви во најголем дел се должат на трансакциите за сметка на државата и нето-продажбата на девизи од страна на НБРМ на девизниот пазар.




Извор:НБРМ




Извор: НБРМ.

Во јануари 2014 година, на **девизниот пазар** кај банките е остварена нето-продажба од 32 милиона евра, наспроти малата нето-продажба од 2 милиона евра, во првиот месец од 2013 година. Ваквата годишна промена произлегува од речиси двојно посилниот пад на понудата на девизи во однос на побарувачката на девизи (за 19,9% и 8,3%, соодветно).

Анализата по одделни компоненти покажува дека зголемената нето-продажба на девизи главно се должи на повисоката нето-продажба на фирмите, како и на намалениот нето-откуп на девизи од физички лица, но во значително помал дел.

Последните остварувања во надворешниот сектор упатуваат на понатамошно одржување на девизните резерви на адекватното ниво.




Извор: НБРМ.

Првичните податоци заклучно со 31.1.2014 година покажуваат креирање ликвидност преку монетарните инструменти во однос на крајот од четвртиот квартал...

...во услови на намалување на нето девизната актива на НБРМ и креирање ликвидност преку вкупните депозити на државата.




Извор: НБРМ.

На 31.1.2014 година, состојбата на државните хартии од вредност на домашниот пазар изнесува 66.755 милиони денари, што во однос на декември 2013 година претставува раст од 1.436 милиони денари.




На 31.1.2014 година, примарните пари забележаа раст во однос на декември...

...во услови на посилен раст на ликвидните средства на банките и забележан пад на готовите пари во оптек, наспроти очекувањата за раст на двете компоненти во првиот квартал согласно со октомвриската проекција.

**Вкупни депозити**




* Вклучува депозитни пари
Извор: НБРМ.

Вкупните депозити се зголемуваат и во текот на јануари, но послабо во однос на претходниот месец. Растот на депозитите во овој период целосно произлегува од зголемувањето на депозитите на населението, при забележано намалување на корпоративните депозити.

**На 31.1.2014 година, годишната стапка на раст на вкупните депозити изнесува 5,7%[6] и е над растот од 3,9% проектиран за првиот квартал на 2014 година.** Притоа, во текот на јануари, вкупните депозити бележат раст од 479 милиони денари во однос на крајот од годината. На крајот на јануари, нивото на депозитите е малку повисоко од нивото проектирано за крајот на март.

[6] Се однесува на вкупните депозити со вклучени преносливи денарски депозити на останати финансиски институции кај НБРМ. Притоа во април 2013 година дојде до поголемо намалување на овој тип преносливи депозити. Следствено на тоа, годишните стапки на вкупните депозити коишто не го вклучуваат овој тип депозити се повисоки и во декември изнесуваат 6,1%, односно 6,3% во јануари (првични податоци).

**Придонес на денарските и девизните депозити во порастот на вкупните депозити (во %)**




Извор: НБРМ.

*Вклучува депозитни пари.

**Позитивниот годишен раст на вкупните депозити главно се должи на растот на денарските депозити,** при умерен позитивен придонес на девизните депозити.

**Учество на денарските и девизните депозити во вкупните депозити (во %)**




Извор: НБРМ.

*Вклучува депозитни пари.

Согласно со првичните податоци со состојба на крајот на јануари, валутната структура на депозитите е незначително променета во споредба со претходниот месец, при што се забележува мало намалување на учеството на денарските депозити во вкупните депозити, додека учеството на девизните депозити се зголеми.

**Учество на денарскиот дел на М4 во вкупната парична маса М4**
**(во %)**




Извор:НБРМ.

**Учество на денарските депозити во вкупните депозити на населението, во %**




Извор: НБРМ

*Вклучува депозитни пари.

Согласно со првичните податоци за јануари, денарските депозити на населението и натаму растат, но побавно во споредба со претходниот месец. Ова не е невообичаено движење за јануари, кога денарските депозити може да бележат послаб раст заради намалувањето на депозитните пари. Сепак, во услови на посилен раст на девизните депозити на населението во овој период, учеството на денарските депозити на населението во вкупните депозити се намали на 49,6%, од 50% во декември.

**Каматни стапки на денарските и девизните депозити, во %**




Извор: НБРМ.

Каматните стапки на денарските и девизните депозити во декември се непроменети во споредба со претходниот месец, при што каматниот распон и натаму е стабилен. Каматниот распон помеѓу каматите на новопримените денарски и девизни депозити забележа минимално проширување.

**Каматни стапки на новопримените денарски и девизните депозити, во %**




Извор: НБРМ

**Најширока парична маса, М4**




Извор: НБРМ.

**Повисок монетарен раст во однос на проектираниот...**

...во услови на посилен годишен раст на вкупните депозити и послаб раст на готовите пари во оптек, во однос на проекцијата.

**Вкупни кредити**




Извор: НБРМ.

Во текот на јануари, вкупните кредити забележаа умерено зголемување во однос на претходниот месец, што целосно произлезе од растот на кредитите на населението, при намалување на кредитите одобрени на претпријатијата.

**На 31.1.2014 година, годишната стапка на раст на вкупните кредити изнесува 6,7%**[7] **и е над нивото проектирано за првиот квартал на 2014 година**. Притоа, во текот на јануари, вкупните кредити бележат раст од 541 милион денари во однос на крајот од годината, а нивното ниво на крајот на јануари е повисоко во однос на проекцијата за првото тримесечје.

[7] Делумно и заради нагорното отстапување на кредитите на крајот на декември во однос на проекцијата.

**Придонес на денарските и девизните кредити во вкупните кредити, во %**




Извор: НБРМ.

Остварениот годишен раст на вкупните кредити во целост се должи на зголемувањето на денарските кредити, при минимален негативен придонес на девизните кредити.

**Учество на сомнителните и спорни побарувања во вкупните кредити, во %**




Во декември, дојде до месечно намалување на учеството на сомнителните и спорни побарувања во вкупните кредити.

**Соодност помеѓу вкупните кредити и депозити, во %**




Извор: НБРМ.

На крајот на јануари, искористеноста на депозитниот потенцијал за кредитирање на приватниот сектор минимално се зголеми на месечна основа, со што е над очекуваното ниво согласно со октомвриската проекција за првиот квартал на 2014 година.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

## Табела 1

**ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2012 | | | | 2013 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | окт 13 | ное 13 | дек 13 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.8 | 2.5 | 2.1 | 3.8 | 4.9 | 3.5 | 3.6 | 2.8 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.4 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.8 | 2.5 | 2.3 | 2.8 | 3.3 | 3.5 | 3.6 | 3.3 | 2.8 | 3.1 | 2.9 | 2.8 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | 1.1 | 2.0 | 3.2 | 1.4 | 1.8 | 1.8 | 2.9 | 3.3 | 3.0 | 3.4 | 3.1 | 3.3 | 2.9 | 2.5 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 6.9 | 10.1 | 3.5 | 9.4 | 8.7 | 11.2 | 11.1 | 4.2 | 1.2 | -2.5 | -3.6 | -3.8 | -3.7 | -3.2 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.1 | -7.2 | 8.7 | 12.4 | 4.6 | 0.4 | 5.1 | 3.1 | 4.4 | 5.7 | 2.9 | 0.9 | 0.0 | -2.2 | -2.0 | -2.6 | -2.1 |
| Продуктивност | 2.0 | -4.2 | 1.4 | 1.8 | -1.3 | - | -0.1 | -2.0 | -0.1 | -2.8 | -1.5 | -0.7 | -1.1 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 1.4 | 0.3 | - | 1.0 | -0.5 | 0.2 | 0.3 | 1.1 | 1.8 | 1.0 | - | 1.0 | 0.9 | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | -2.4 | -2.9 | - | -1.5 | -2.6 | -3.4 | -4.3 | -2.3 | -1.8 | -1.7 | - | -0.3 | -0.2 | - |

*За 2009 година податокот е корегиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

## Табела 2

**НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ***

| | 2011 | | | | 2012 | | | | 2013 | | | | | | 2011 | | | | 2012 | | | | 2013 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | септ | окт | ное | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | септ | окт | ное |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.5 | 1.6 | 0.8 | 1.0 | -0.5 | 0.2 | 0.3 | 1.1 | 1.8 | 1.0 | 1.3 | 1.0 | 0.9 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.4 | -1.5 | -2.6 | -3.4 | -4.3 | -2.3 | -1.8 | -1.7 | -0.3 | -0.3 | -0.2 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 6.8 | 7.2 | 5.6 | 6.4 | 3.8 | 1.8 | -2.0 | 0.5 | 4.0 | 0.1 | 2.4 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 3.5 | 4.5 | 3.4 | 2.5 | -1.0 | -1.6 | -5.4 | -2.2 | 2.4 | -1.2 | 1.3 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 6.8 | 7.2 | 5.6 | 6.4 | 3.8 | 1.8 | -2.0 | 0.5 | 4.0 | 0.1 | 2.4 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 3.5 | 4.5 | 3.4 | 2.5 | -1.0 | -1.6 | -5.4 | -2.2 | 2.4 | -1.2 | 1.3 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 2.9 | 2.5 | 0.8 | 0.7 | 0.1 | 0.8 | 0.7 | 2.1 | 3.2 | 3.1 | 3.0 | 2.6 | 2.5 | -1.8 | -1.8 | -1.1 | -2.3 | -1.8 | -1.9 | -2.9 | -4.0 | -1.3 | -0.4 | 0.3 | 1.4 | 1.3 | 1.3 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 3.6 | 5.1 | -1.2 | -6.5 | -2.3 | -0.7 | 0.6 | 2.4 | 5.8 | 6.2 | 4.4 | 4.9 | 1.7 | 3.5 | -1.1 | 1.5 | -4.3 | -8.8 | -4.3 | -4.3 | -4.0 | -1.0 | 2.1 | 3.3 | 2.8 | 3.6 | 0.6 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 3.9 | 3.7 | 1.9 | 0.6 | 0.6 | 0.8 | 1.2 | 2.9 | 4.5 | 2.2 | 3.2 | 1.6 | 2.1 | 0.3 | -0.8 | 0.1 | -1.3 | -1.9 | -1.5 | -2.8 | -3.5 | -0.5 | 0.8 | -0.6 | 1.5 | 0.3 | 1.0 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | 1.0 | -0.3 | 0.7 | 4.4 | 1.5 | 1.8 | 0.2 | 0.1 | 2.0 | 1.3 | 1.9 | 0.7 | 6.2 | -6.6 | -3.6 | -3.8 | -2.4 | 1.8 | -0.6 | -1.9 | -4.4 | -3.3 | -1.6 | -1.4 | 0.3 | -0.6 | 5.0 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 4.7 | 4.0 | 2.4 | 1.0 | -1.0 | -0.3 | -0.3 | 1.5 | -0.3 | 1.0 | 1.0 | 0.6 | -3.8 | -1.7 | 0.0 | 0.4 | -0.8 | -1.5 | -3.1 | -4.0 | -5.0 | -1.9 | -3.8 | -1.7 | -0.6 | -0.7 | -4.9 |
| Градежништво | 3.5 | 3.0 | 2.3 | 1.2 | 3.0 | 1.7 | 2.0 | 2.3 | 6.4 | 5.3 | 6.1 | 5.8 | 7.1 | 3.2 | -0.6 | -1.7 | -1.2 | -2.0 | 0.4 | -0.4 | -1.7 | -2.4 | 2.8 | 1.6 | 3.3 | 4.1 | 5.7 | 2.0 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 5.1 | 4.2 | 2.6 | 3.3 | -1.6 | 0.2 | -0.2 | 0.9 | 1.3 | 0.9 | 0.3 | 1.3 | 0.7 | -1.0 | 0.4 | 0.5 | -0.6 | 0.7 | -3.6 | -3.4 | -4.8 | -2.5 | -2.3 | -1.8 | -1.3 | 0.0 | -0.4 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | -0.6 | -1.8 | -0.1 | -1.0 | 2.4 | 1.3 | 1.8 | 2.1 | 1.6 | 1.8 | 0.4 | 1.9 | 1.0 | 2.1 | -4.5 | -6.2 | -3.6 | -4.1 | -0.1 | -0.8 | -1.9 | -2.6 | -1.8 | -1.8 | -2.3 | 0.3 | -0.3 | 0.9 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.5 | 6.9 | 1.7 | 0.3 | -0.4 | -1.7 | -1.2 | 4.1 | 6.0 | 6.4 | 6.0 | 5.8 | 5.3 | -1.6 | -2.1 | 3.2 | -1.5 | -2.1 | -2.5 | -5.3 | -5.8 | 0.6 | 2.3 | 3.5 | 4.3 | 4.4 | 4.2 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -0.9 | 1.4 | 0.4 | 0.9 | 1.4 | -0.4 | -0.6 | 2.5 | 0.8 | 1.7 | 0.2 | 1.9 | -0.1 | -3.9 | -5.4 | -2.2 | -2.7 | -1.6 | -0.7 | -4.0 | -5.2 | -1.0 | -2.8 | -1.0 | -1.4 | 0.6 | -1.2 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 23.8 | 2.2 | -3.3 | 18.9 | -18.8 | 1.9 | 3.7 | 0.8 | 4.3 | 2.8 | 1.4 | 0.1 | 2.6 | -2.8 | 18.3 | -1.4 | -6.2 | 16.0 | -20.5 | -1.8 | -1.1 | -2.6 | 0.7 | 0.0 | -0.2 | -1.2 | 1.5 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 2.4 | 4.2 | 4.8 | -7.3 | -0.6 | -0.4 | -2.8 | 0.0 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 0.2 | 0.8 | 6.6 | -2.2 | 0.5 | 1.5 | -9.6 | -2.7 | -4.0 | -7.3 | -3.4 | -3.0 | -2.4 | -1.2 | -1.1 | -0.3 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -1.4 | 5.3 | 3.9 | 10.3 | 4.8 | -1.3 | -1.5 | 1.4 | 0.4 | 0.6 | -0.7 | 2.2 | 3.0 | -8.0 | -5.8 | 1.7 | 0.7 | 7.6 | 2.6 | -4.9 | -6.1 | -2.0 | -3.1 | -2.1 | -2.3 | 0.9 | 1.9 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 6.0 | 8.7 | 15.3 | 18.2 | 10.4 | 10.0 | 5.1 | -2.3 | -0.5 | -4.9 | -3.8 | -1.8 | -5.7 | -1.2 | 1.2 | 4.9 | 11.7 | 15.2 | 8.1 | 6.0 | 0.2 | -5.6 | -4.0 | -7.5 | -5.4 | -3.1 | -6.7 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -5.1 | -8.2 | -3.7 | -4.0 | -7.7 | -7.8 | -6.1 | -2.1 | 0.1 | 2.3 | 4.2 | -2.4 | -2.6 | -10.3 | -9.4 | -11.4 | -6.6 | -6.4 | -9.6 | -11.2 | -10.5 | -5.4 | -3.4 | -0.5 | 2.5 | -3.6 | -3.6 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.8 | 0.3 | 0.2 | 1.2 | 1.5 | -0.3 | -0.1 | -0.7 | 0.4 | 0.7 | 0.9 | 1.4 | 1.0 | -4.1 | -5.2 | -3.2 | -2.9 | -1.3 | -0.6 | -4.0 | -4.7 | -4.0 | -3.2 | -2.0 | -0.7 | 0.0 | -0.1 |
| Образование | 4.2 | -0.5 | -0.6 | -0.8 | -0.8 | -0.1 | -0.1 | -0.1 | -0.2 | -0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 0.3 | 0.1 | -5.0 | -4.1 | -3.9 | -3.3 | -2.1 | -3.7 | -4.7 | -3.6 | -3.6 | -2.6 | -1.5 | -1.3 | -0.8 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | 0.6 | 0.7 | 1.7 | 1.9 | 3.0 | 3.1 | 2.3 | 3.7 | 2.6 | 3.1 | 2.9 | 2.7 | 3.6 | -5.1 | -3.9 | -2.8 | -1.5 | -0.6 | 0.8 | -0.6 | -2.4 | 0.2 | -1.1 | 0.3 | 1.2 | 1.3 | 2.5 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.2 | 8.4 | 9.8 | -5.2 | -9.4 | -8.5 | -8.7 | -0.6 | 1.3 | -1.9 | -4.1 | 3.2 | -0.4 | 2.6 | 2.4 | 4.6 | 6.4 | -7.5 | -11.3 | -11.8 | -12.9 | -3.9 | -2.3 | -4.5 | -5.6 | 1.8 | -1.5 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 26.5 | 25.8 | 5.5 | 0.2 | 3.4 | 1.1 | 1.2 | 4.0 | -1.4 | 2.0 | -3.0 | 3.7 | -0.8 | 14.3 | 20.8 | 21.5 | 2.2 | -2.3 | 1.3 | -2.6 | -3.5 | 0.5 | -4.9 | -0.8 | -4.6 | 2.3 | -1.9 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

## Табела 3

**ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2012 | | | | 2013 | | | | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | окт. 13 | ное.13 | дек.13 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 2.9 | 2.8 | -0.4 | - | -1.1 | -1.5 | 0.8 | 0.0 | 2.6 | 3.5 | 3.3 | - | - | - | - |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | 3.3 | -6.6 | 3.2 | -8.4 | -5.6 | -6.8 | -5.7 | 2.7 | 1.1 | 2.6 | 6.4 | 6.9 | 3.1 | 9.5 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 34.3 | 9.8 | - | -19.1 | -10.5 | 45.1 | 12.0 | 87.9 | 44.5 | 22.1 | - | 98.9 | 52.4 | - |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 11.4 | 4.4 | - | 4.3 | 5.4 | 5.1 | 2.9 | 5.5 | -1.6 | -3.6 | - | -2.6 | -4.5 | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

# Табела 4

**СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ**

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2012 | | | | 2013 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | окт | ное | дек | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | окт | ное | дек |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | *придонеси, п.п.* | | | | | | |
| Рударство и вадење на камен | -3.8 | 2.6 | 1.8 | 3.4 | -7.6 | -1.6 | 12.2 | 4.6 | 14.4 | 6.4 | -0.8 | -4.5 | 8.4 | -16.9 | -2.7 | 1.7 | 0.7 | -0.1 | -0.5 | 1.0 | -2.2 | -0.3 |
| Производство на прехранбени производи | 2.8 | 5.3 | 15.6 | -1.4 | 5.8 | 9.1 | 20.5 | 23.1 | 9.8 | 2.8 | -0.4 | -11.7 | -25.8 | 18.6 | -18.0 | 1.1 | 0.3 | -0.1 | -1.9 | -5.0 | 2.3 | -3.2 |
| Производство на пијалаци | -9.2 | -13.9 | 9.0 | 7.4 | -0.7 | 0.7 | -8.5 | 29.5 | 1.6 | 14.2 | 4.5 | 7.7 | 42.6 | -25.6 | 50.7 | 0.1 | 0.6 | 0.2 | 0.7 | 2.3 | -3.8 | 3.9 |
| Производство на тутунски производи | 19.6 | 21.0 | -14.9 | 9.0 | 74.7 | 17.8 | -40.2 | -56.1 | 68.7 | -0.2 | -4.2 | 9.9 | 26.0 | 14.2 | -10.8 | 1.9 | 0.0 | -0.2 | 0.1 | 0.3 | 0.3 | -0.1 |
| Производство на облека | -4.7 | 11.6 | -7.2 | 13.7 | -12.9 | -15.0 | -7.6 | 6.9 | 17.1 | 20.3 | 21.1 | -0.6 | -19.5 | 17.4 | 4.9 | 1.9 | 1.9 | 2.0 | -0.1 | -2.5 | 1.7 | 0.5 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | -34.2 | -12.8 | 31.2 | -9.3 | 22.5 | 53.3 | 40.0 | 10.2 | -13.2 | -29.7 | 1.5 | 9.4 | 21.9 | 20.0 | -11.3 | -0.3 | -0.7 | 0.0 | 0.2 | 0.4 | 0.3 | -0.2 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | -6.2 | -19.7 | -64.8 | -69.4 | -49.4 | -83.1 | -97.2 | -45.6 | -42.9 | -94.1 | -68.9 | -99.8 | -94.8 | -99.9 | -99.7 | -0.3 | -0.1 | 0.0 | -0.5 | 0.0 | -0.6 | -0.8 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | -2.8 | 4.4 | 6.2 | -2.6 | -7.8 | 10.0 | 18.1 | 6.8 | 8.9 | -4.3 | -1.6 | -10.4 | -0.9 | -27.0 | 0.0 | 0.3 | -0.1 | 0.0 | -0.4 | 0.0 | -1.1 | 0.0 |
| Производство на други неметални минерални производи | -14.2 | 9.7 | -19.4 | 5.8 | -21.5 | -14.1 | -24.7 | -17.5 | 2.7 | 0.5 | 4.9 | 15.8 | 8.8 | 23.4 | 16.6 | 0.1 | 0.0 | 0.3 | 0.7 | 0.5 | 1.1 | 0.6 |
| Производство на метали | 31.8 | 15.3 | -11.1 | -10.5 | -10.7 | -7.2 | -14.0 | -12.6 | -16.1 | -6.8 | -14.8 | -3.7 | -12.5 | 17.1 | -13.0 | -1.7 | -0.6 | -1.4 | -0.3 | -1.1 | 1.2 | -1.0 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | -53.5 | 7.3 | -13.6 | -41.6 | -23.2 | -20.7 | 16.9 | -25.0 | -20.0 | -48.2 | -57.1 | -32.5 | -56.9 | 6.3 | -32.1 | -0.5 | -1.3 | -1.9 | -0.7 | -1.5 | 0.1 | -0.6 |
| Производство на електрична опрема | -43.2 | 33.0 | -24.2 | 10.1 | -11.9 | -12.7 | -42.2 | -21.1 | -2.0 | -2.2 | 11.5 | 30.8 | 64.4 | 8.5 | 29.5 | 0.0 | -0.1 | 0.3 | 0.7 | 1.3 | 0.2 | 0.6 |
| Производство на останата опрема за транспорт | 44.5 | 79.6 | 19.0 | 3.2 | -2.0 | 40.6 | 11.1 | 34.6 | 2.4 | 35.9 | -23.4 | 3.3 | -6.3 | 6.4 | 11.7 | 0.0 | 0.2 | -0.2 | 0.0 | -0.1 | 0.0 | 0.1 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 14.4 | -3.0 | -9.5 | 5.3 | -16.1 | -5.4 | 11.1 | -20.0 | 1.7 | 16.0 | 4.0 | -0.2 | -2.1 | -0.2 | 1.1 | 0.3 | 1.9 | 0.4 | 0.0 | -0.2 | 0.0 | 0.1 |

Извор: Индекси на индустриското производство (2010=100), Државен завод за статистика на Република Македонија.

# Табела 5

**ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2011 | | | | 2012 | | | | 2013 | | | | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Окт-13 | Ное-13 | Дек-13 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 8.2 | -5.8 | - | 7.4 | 6.7 | 9.9 | 8.4 | -5.7 | -3.4 | -4.7 | -9.4 | 0.9 | -8.2 | -8.2 | - | -5.8 | -9.0 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | 7.9 | -11.8 | 0.6 | 15.1 | -0.5 | 7.3 | 10.6 | -2.8 | -12.1 | -8.7 | -22.5 | -26.6 | 11.5 | -0.8 | 21.4 | 18.4 | 15.8 | 29.1 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 9.8 | -8.7 | 7.8 | 1.4 | -2.0 | - | 4.5 | -7.7 | 4.6 | 4.8 | 0.4 | 0.2 | -8.2 | 0.7 | -5.5 | 1.0 | -3.2 | -8.5 | -9.6 | -7.3 | - |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.4 | -4.5 | -1.8 | 4.7 | 2.6 | 6.3 | 2.1 | 11.3 | 4.9 | 0.6 | -0.3 | 3.8 | -3.3 | 9.1 | 15.7 | 5.9 | 6.9 | 0.0 | -6.4 | 2.5 | 3.8 |
| Кредити на население* | 31.8 | 4.0 | 2.2 | 5.1 | 1.6 | 8.7 | 1.4 | 2.8 | 4.0 | 5.1 | 5.7 | 4.5 | 1.1 | 1.6 | 3.5 | 3.1 | 6.4 | 8.7 | 7.2 | 8.2 | 8.7 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | -2.4 | -3.0 | - | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.4 | -1.5 | -2.6 | -3.4 | -4.3 | -2.3 | -1.8 | -1.7 | - | -0.3 | -0.2 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 18.6 | 20.2 | 1.2 | 8.3 | - | -9.0 | -13.9 | 0.7 | 24.7 | 30.4 | 28.4 | 0.2 | -13.4 | -12.2 | -13.1 | -1.8 | - | -6.1 | -10.9 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 0.4 | 0.9 | 6.9 | -0.9 | -0.2 | 0.2 | 2.5 | 3.4 | 2.2 | 1.5 | -3.4 | 4.9 | 6.5 | 7.2 | 9.2 | 5.6 | 6.9 | 15.6 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

# Табела 6

**ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2011 | | | | 2012 | | | | 2013 | | | | Најнови податоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Окт-13 | Ное-13 | Дек-13 |
| | *реални годишни промени во %, освен за СДИ промените на реалните износи се во милиони денари* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 19.4 | -3.3 | -12.7 | 2.2 | -5.1 | - | 8.3 | 16.9 | -6.6 | -6.0 | -9.3 | -11.2 | -0.1 | 0.1 | 10.1 | 22.9 | -1.0 | - | -2.6 | 14.3 | - |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 29.4 | 6.1 | - | 55.4 | 52.8 | 13.4 | 18.8 | -21.1 | -12.3 | 39.9 | 6.8 | 81.6 | 39.4 | 18.8 | - | 96.4 | 50.7 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | 56.1 | 2.3 | 9.0 | 49.9 | 59.9 | 64.3 | 50.4 | 11.9 | -5.8 | 3.6 | 1.4 | 14.9 | 2.6 | 1.2 | 17.2 | 12.1 | -1.6 | 42.4 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 11.1 | 2.4 | -13.6 | 19.5 | 70.8 | -16.5 | -0.8 | 2.4 | -25.5 | -0.3 | 34.7 | -7.3 | 3.4 | -12.9 | -28.6 | 16.8 | -35.2 | -38.2 |
| Странски директни инвестиции** | -8,211.9 | ##### | 766.5 | 9,310.5 | ##### | - | 9,856.9 | -3,259.1 | 67.8 | 2,645.0 | -6,545.7 | 158.5 | -4768.4 | -3392.7 | 173.5 | 1,843.8 | 5,922.8 | - | 685.1 | 1,487.5 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 6.6 | -2.4 | -1.4 | 10.3 | 12.9 | 11.5 | 6.6 | 7.7 | 5.5 | -3.0 | -2.4 | -6.7 | -10.9 | -2.1 | -1.4 | -1.5 | -2.7 | -1.4 |
| Залихи на готови производи*** | -5.5 | -2.2 | -3.2 | 7.3 | -6.0 | -4.3 | 5.9 | 19.5 | 18.2 | 6.0 | -3.9 | -1.8 | -8.8 | 0.2 | -5.1 | -4.1 | -3.1 | -2.1 | 1.7 | -7.4 | -3.8 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

**реалните износи се пресметани од НБРМ, со делење на номиналните износи со нивото на индексот на потрошувачките цени.

*** податоците од јануари 2013 година се со нова базна година и нова пондерациска структура.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

## Табела 7

**БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)**

| во милиони денари | 2012 | | | | Вкупно 2012 | 2013 | | | | Вкупно 2013 | годишни стапки на промени во 2013 година (во %) | | | | | придонеси кон год.раст на приходи и расходи, во п.п. | | процент на реализација | Ребаланс на Буџет за 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | 2013 | Дек. | Јан.-Дек. | Јан.-Дек. | |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***31,798*** | ***35,133*** | ***35,446*** | ***35,696*** | ***138,073*** | ***29,931*** | ***36,121*** | ***36,983*** | ***37,232*** | ***140,267*** | ***-5.9*** | ***2.8*** | ***4.3*** | ***4.3*** | ***1.6*** | ***1.9*** | ***1.6*** | ***94.0*** | ***149,291*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **27,872** | **28,962** | **30,368** | **30,180** | **117,382** | **26,476** | **30,665** | **31,075** | **32,795** | **121,011** | **-5.0** | **5.9** | **2.3** | **8.7** | **3.1** | **10.1** | **2.6** | **96.2** | **125,752** |
| Даночни приходи (ССП) | 210 | 192 | 224 | 372 | 998 | 249 | 214 | 210 | 402 | 1,075 | 18.6 | 11.5 | -6.3 | 8.1 | 7.7 | 1.1 | 0.1 | 75.3 | 1,428 |
| Даноци | 18,217 | 18,592 | 20,013 | 18,797 | 75,619 | 16,507 | 20,015 | 20,194 | 20,762 | 77,478 | -9.4 | 7.7 | 0.9 | 10.5 | 2.5 | 7.3 | 1.3 | 94.8 | 81,700 |
